МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

ПРАКТИЧНА НАСТАВА

ИЗБОРНА ПРОГРАМА

за III година

ТЕКСТИЛНА СТРУКА

текстилен конфекциски техничар

Скопје, мај 2002 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ПРАКТИЧНА НАСТАВА

1.2. Образовен профил и струка на која припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: Текстилен конфекциски техничар
1.2.2. Струка: Текстилна

1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Изборна настава

1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета година

1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Изборен предмет во функција на завршен испит

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По успешно совладување на Наставната програма по ***практична настава-***изборен предмет во функција на завршен испит, ученикот:

- самостојно изработува облека по сопствен избор на модели, големини и ткаенини;
- ги проверува своите способности;
- развива смисла за креативност.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по ***практична настава,*** потребни се знаења од наставните предмети: дизајн на облека, технологија на конфекционирање, конструкција на облека, практична настава од II година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. часови	Конкретни цели Ученикот да:	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. Изработка на женска облека	**30**	- го пресметува потребниот текстилен материјал за избраниот модел ; - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал; - крои по обележаните кројни делови; - го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на женската облека; - практично ја реализира изработката; - одржува хигиена на работното место.	- дискусија во врска со изборот на модел за женска облека; - рационално вклопува-ње на кројните делови врз текстилниот материјал, бележење и кроење; - изработка на избраниот модел според технолошкиот редослед на операциите; - дискусија во врска со изработената облека.	Конструкција на облеката.
2. Изработка на	**30**	- го пресметува потребниот	- дискусија во врска со	Конструкција на

машка облека		текстилен материјал за избраниот модел ; - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал; - крои по обележаните кројни делови; - го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на женската облека; - практично ја реализира изработката; - одржува хигиена на работното место.	изборот на модел за машка облека; - рационално вклопува-ње на кројните делови врз текстилниот материјал, бележење и кроење; - изработка на избраниот модел според технолошкиот редослед на операциите; - дискусија во врска со изработената облека.	облеката.
3. Изработка на	**12**	- го пресметува потребниот текстилен материјал за	- дискусија во врска со изборот на модел за	Конструкција на облеката.

детска облека		избраниот модел ; - правилно ги поставува кројните делови на посланиот текстилен материјал; - крои по обележаните кројни делови; - го планира технолошкиот редослед на операциите за изработка на женската облека; - практично ја реализира изработката; - одржува хигиена на работното место.	детска облека; - рационално вклопува-ње на кројните делови врз текстилниот материјал, бележење и кроење; - изработка на избраниот модел според технолошкиот редослед на операциите; - дискусија во врска со изработената облека	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на ***практичната настава,*** наставникот применува повеќе наставни методи во зависност од наставната целина, односно наставната единица, засновани на демонстрација, опис, реализација на практичните задачи, набљудување, дискусија и др. Овие методи се користат со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови, проследени со користење на наставни средства и помагала.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: планира и се подготува за часот, а на часот објаснува, демонстрира, дава упатства за реализација на практичната задача, опишува, поставува прашања, споредува, ја следи работата, го мотивира, ги оценува постигнувањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, самостојна изработка на предметите, прибележување, користење на сопствените претходно стекнати знаења, наблудување, споредување, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

***Практична настава**,* се реализира преку стручно-практични вежби во училишна конфекциска работилница во рамките на училиштето опремена со соодвените наставни средства и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилна дејност. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за изработка на практичните задачи.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по ***практична настава,*** се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната целина се користи: машини за шиење, работни маси, комплетен прибор за работа, пегли, шеми, слики, модни списанија и други наставни средства и помагала.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература и тоа: прирачник за практична настава, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците, се врши преку следење и вреднување на знаењата, умеењата и вештините на практично изработените предмети и усно, континуирано во текот на целата учебна година. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада Наставната програма, по предметот се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по ***практична настава***, треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да нема говорни мани, да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по *практична настава,* ја реализираат кадри со завршени студии по;

- ***технологија - конфекциска насока, VII_1;***
- ***технологија - текстилна насока, VII_1;***
- ***виша текстилна школа-конфекциска насока VI;***

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

Практична настава се реализира, во конфекциска работилница, во рамките на училиштето опремена според Норматив за простор и опрема за текстилната струка и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилна дејност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2002 година

7.2. Состав на работната група:

1. Ратка Јаневска, раководител, Биро за развој на образованието, советник, Скопје;
2. Зорица Тодоровска -Младеновиќ, член, Технолошко-металуршки факултет, вонреден професор, Скопје;
3. Божана Кировска член ТУЦ ,,Ѓоце Стојчески", наставник, Тетово;
4. Николина Бунгурова, ДСТУ ,,Димитар Мирасчиев", наставник, Штип;
5. Душко Рафајловски, член, ,,Тетекс АД" , текстилен инженер, Тетово

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2002 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава,*** ја одобри (донесе) министерот за образование и наука со решение бр. 11-3367/1 од 24.06. 2002 година.